- Аха - го доближи таа цртежот до очите, го тргна малку понастрана, ги стави очилата, го погледа убаво и рече:
- Добар е, многу добар!

Татко му го потчукна по рамото и рече:

- Така, сине, така! Секој цртеж е убав штом е нацртан со своја рака.

Јован Стрезовски





**Размисли и одговори**

1. Што најмногу му се допаднало на Ваљон во зоолошката градина?
2. Што правел Ваљон кога се вратил дома?
3. Како е оценет цртежот на Ваљон?
4. Како Ваљон ја покажал својата упорност во работата?



# ВОЛК И ШТРК

Се задавил волкот со една коска и не можел да ја искашла. Тогаш го викнал штркот и му рекол:

- Мили штрку, ти имаш долг клун, извади ми ја коската од грлото, а јас ќе те наградам.

Штркот го пикнал клунот во грлото на волкот и му ја извадил коската. Тогаш рекол:

- Сега дај ми ја наградата.

Волкот ги наострил забите и рекол:

- Зарем не ти е награда тоа што не ти ја прегризав главата кога ми беше в уста?

Лав Толстој



**Размисли и одговори**

1. Што му се случило на волкот?
2. Од кого волкот побарал помош?
3. Како волкот го наградил штркот?
4. Како ја оценуваш постапката на волкот?



**ВРЕДЕН СИ КАКО ПЧЕЛА**

# ПЧЕЛИ

- Кој работи трудољубиво како пчелите?
- Мравките.
- А кој работи како мравките?
- Луѓето.
- Да, ама не секогаш и не сите. Добрите и вредните луѓе работат во секое време. Тие не се плашат од работата. Таа ги наградува и воспитува. Затоа, тие што работат никогаш во животот не гладуваат.
- А пчелите, дали тие гладуваат?
- Не.
- А мравките?
- Ни тие не гладуваат. Лете собираат храна, а зиме ја јадат таа храна. Пчелите и мравките многу ја ценат работата.

Пени Трпковски



Размисли и одговори

1. Определи ја темата на текстот.
2. Која е идејта на текстот?
3. Напиши неколку пораки поврзани за вредниот и мрзливиот човек .

## ОПИШУВАЊЕ









**Разгледувам, размислувам и опишувам**

- Одбери едно животно и опиши го со помош на следните прашања:

1. Именувај го животното.
2. Каде живее?
3. Опиши го неговиот изглед.
4. Со што се храни?
5. Во тетратката напиши го искажаниот опис.



**Априли-ли-ли**

Една мува  
овци чува.  
Еден пајак  
фати зајак.  
Една оса  
оди боса.  
Едно маче  
плаче в каче.  
Еден молец  
стана ловец.  
Ха-ха-ха, хи-хи-хи  
априли-ли-ли!

Ненад Џамбазов



# НАЈУБАВИОТ ПЛОД

Еден татко ги испратил своите три сина на далечни места, за да му ги донесат најубавите плодови.

По некое време, синовите се вратиле. Првиот син му донел многу ретко овошје, какво што не растело во нивната земја. И вториот син донел овошје, кое не виреело во нивниот крај. Само најмалиот син не донел ништо со себе.

- Каде се твоите плодови, синко? - го прашал таткото.
- Моите плодови татко допрва треба да се родат, бидејќи парите што ми ги даде јас ги потрошив, учејќи во едно училиште и таму постигнав големо знаење - одговорил најмалиот син.
- Така е, за човек нема поубав плод од знаењето - рекол таткото и радосно го прегрнал својот најмал син.

Албанска народна приказна



**Размисли и одговори**

1. Каде ги испратил таткото своите три сина?
2. Какви плодови му донеле синовите на својот татко?
3. Зошто знаењето е најскап и најубав плод?

- **Читај, учи, научи - знаењето е богатство.**
- **Книгата е отворен прозорец кон светот.**
- **Книгата е клуч за отварање на многу тајни.**
- **Книгата е мојот најверен другар.**



**Гатанка**

Да е човек,
Не е човек,
А со човек
зборува?

( __ __ __ __ __)

# ПРИЈАТЕЛИ

Јас имам нови пријатели, мамо. Колку се добри! Им го кажав своето име. Им го напишав на челото да ме запаметат.

Чудни се моите пријатели. Тие знаат умни работи. Ми раскажуваат што зборуваат птиците, каде се раѓаат сребрените поточиња, кој им ткае шарени фустанчиња на ливадите. Тие знаат сè.

Еве ги сега во мојата нова торбичка. Само ако им подадам рака, тие веднаш го откриваат своето срце пред мене. А нивното срце е златен клуч за отворање на сите тајни. Јас го најдов тој клуч, мамо.

Колку сум среќен!

Македонка Јанчевска

# ЈАС, ТИ, ТОЈ . . .

Јас, ти, тој,
ние, вие, тие -
о, каква ли сила
во нас се крие.

Јас, ти, тој,
ние, вие, тие -
о, за какви дела
способни сме ние.

Јас, ти, тој,
ние, вие, тие -
о, за мир и среќа
срце наше бие.

Ајде да се здружиме
малечки, но чесни,
ајде за добрината
да пееме песни.

Глигор Поповски



## ОПИШУВАЊЕ лице









**Разгледувам, размислувам и опишувам**

- Одбери еден лик и опиши го со помош на следните прашања:
  1. Во кој род припаѓа ликот?
  2. Опиши го изгледот на ликот.
  3. Како е облечен ликот?
  4. Опиши го твоето другарче.



## ЈАБОЛКО СО УШИ

Во собата беа сами Елена и татко ѝ. На масата имаше чинија со овошје. Елена зеде едно големо јаболко и праша:

- Тато, зошто јаболкото нема уши?

Таткото го остави весникот и почна збунето да размислува:

- Па...ова...знаеш...- не знаеше како да ѝ одговори на чудното прашање.
- Зошто јаболкото нема уши? - повтори Елена.
- Затоа што му паднале! - рече татко ѝ.
- А зошто му паднале?!
- Затоа што не ги миело редовно!
- И сега нема со што да слуша?
- Нема! - потврди татко ѝ.

Елена го остави јаболкото и се стрча кај чешмата да си ги измие ушите.

Софе Штерјоски

Задача

- Дискутирајте за хигиената - Чисто и здраво тело.
- Колку хигиената е потребна за здравјето на човекот?



# ЧИСТОТАТА Е ПОЛОВИНА ЗДРАВЈЕ

**Лица: Данчо, Мама, Тато.**

**Данчо:** Мамо, многу сум гладен, дај да јадам!
**Мајката:** Првин, сине ќе кажеш добар ден!
**Данчо:** Извини, мамо. Стомаков ми е како решето, кој ќе ти помисли на добар ден . Дај ми да јадам! Брзо!
**Мајката:** Ех, Данчо, сине, не чини така. Треба да се измиеш.
**Данчо:** Леле, уште тоа! Ти мамо не си фудбалер и затоа не знаеш колку сум јас сега изморен! А со сапунот одамна сум скаран, и самата знаеш. Може и вака, мамо, да јадам, нема ништо да пречи!
**Мајката:** Сите болести се добиваат преку нечистотија. Заразните болести се многу опасни...
**Данчо:** Јас сум толку гладен што би изел и цел слон, а пак тие малечки вируси ќе ги лапнам како локум! Што велиш, а?
**Таткото:** Добар ден.
**Мајката:** Како е во болницата, што има ново?
**Таткото:** Лоши работи. Ќе ви раскажам сѐ, само првин да ги измијам рацете...
**Данчо:** За тате не е чудно што внимава на чистотата. Тој е лекар. А зошто - јас? И така ништо не ми фали!
**Таткото:** Денеска во болницата донесоа еден тежок случај. Во едно училиште се појавила заразна болест. И тоа поради нечистотија на некои ученици. Тие ја пренесле болеста и се раширила кај многумина...
**Данчо:** Поради нечистотијата се појавила заразна болест?
**Таткото:** Да, сине, училиштето е затворено, а многу ученици се наоѓаат во болница...
**Мајката:** Ајде, сине, јади, ќе ти истине јадењето...
**Данчо:** Сега...

Станува полека и оди да си ги измие рацете. Мајката молкум му покажува на таткото и тие со знак се договараат ништо да не речат. Данчо се враќа и почнува да јаде.

**Мајката:** Пријатно јадење, сине!
**Таткото:** Пријатно јадење, сине!
**Данчо:** Благодарам.

Ненад Џамбазов

# СЕМАФОР



Јас пријател твој сум,
имам очи три,
ако ме почитуваш
безбеден си ти.

Кога црвено око свети
подзастани, стој,
патот е за возила,
чувај живот свој.

Кога жолто око свети
јас имам убав лик,
биди готов, но причекај
барем, уште миг.

А штом станам зелен
како зелен лист,
кон другата страна брзај,
патот ти е чист!

Перо Миленковски





**Размисли и одговори**

1. За што служи семафорот?
2. Какви бои имаат очите на семафорот?
3. Што означува црвената боја?
4. За што нè упатува жолтата боја?
5. Што покажува жолтата боја?

**ОПИШУВАЊЕ**

# ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА














**Разгледувам размислувам разговарам**

1. Од дадените слики одбери едно превозно средство.
2. Со помош на прашањата раскажи.
3. Именувај ги превозните средства.
4. За што служи секое превозно средство?



# ВЕРВЕРИЦА И ВОЛК

Верверицата скокала од гранка на гранка и паднала токму пред сонливиот волк. Волкот скокнал и сакал да ја изеде. Верверицата го молеше:

- Пушти ме!

- Добро, ќе те пуштам - ѝ рекол волкот, - но сакам да ми кажеш зошто вие верверициите сте толку весели. Мене секогаш ми е здодевно, а вие таму горе постојано играте и скокате.

Верверицата му рекла:

- Пушти ме на дрво, а јас оттаму ќе ти одговарам, бидејќи вака се плашам од тебе.

Волкот ја пуштил и верверицата се искачила на дрвото.

- Тебе волчко ти е здодевно затоа што си лош - му рекла. - Ние сме весели затоа што сме добри и никому лошо не му правиме.

Лав Толстој

**Задача**

1. Раскажи ја народната приказна според дадениот план:
1. Молбата на верверичката
2. Прашањето на волкот
3. Мудриот одговор на верверичката



# НАЈГОЛЕМОТО СРЦЕ



- Знае ли некој да нацрта срце? - прашува учителката.

- Јас знам! - се јави Дејан.

- Добро, Дејане. Ајде излези на таблата - му рече учителката.

Дејан ја зеде кредата и преку целата табла нацрта големо срце.

Сите деца зачудено го гледаа.

- Добро, Дејан, на кого е ова големо срце? - праша учителката.

- На дедо ми! - гордо одговори Дејан.

- А, зошто е толку големо? - повторно праша учителката.

-Затоа што во него треба да има место за тато, за мама, за мене и за сите добри луѓе во светот - задоволно одговори Дејан.

Учителката го пофали.

Дејан гордо се врати на своето место. Очите му светкаа од радост.

Иванчо Митревски - Мајсторот



**Размисли и одговори**

1. Што прашала учителката?
2. Кој се јавил да црта срце?
3. Зошто Дејан нацртал големо срце?

# СКРЖАВЕЦ



Во некое село живеел селанец кој бил голем скржавец. Еднаш тргнал на пат. По патот се сетил дека заборавил да ѝ рече на жена си да не го потсекува фитилот на свеќата. Така свеќата помалку ќе гори. Тогаш брзо се вратил дома. Откако ѝ кажал на жената зошто дошол, таа му рекла:

- Па ти веќе потроши повеќе што ги искина чевлите отколку што ќе изгори свеќата!
- Знаев дека ќе ги искинам. Но, јас затоа ги собув чевлите и еве ги носам в раце.

Македонска народна приказна



**Размислувам и одговарам**

1. Каде тргнал да оди селанецот?
2. Зошто селанецот се вратил дома?
3. Што му кажала жената на селанецот?
4. Освен скржавоста која друга особина ја поседува селанецот



**Задача**



Најди некоја друга шеговита приказна и препиши ја во тетратка.



## НЕКА ВРНЕ

Небото е облачно,
паѓа ситна роса,
тие сиви облаци
многу радост носат.

Ете дождот заврна
дождот жед ќе згазне,
по ниви, по полиња,
житото ќе расне.

А по дождот сонцето
ќе почне да грее,
се што е посеано
да расне, да зрее.

Васил Куновски





**Размисли и одговори**

1. Зашто дождот ја гасне жедта?
2. Што ќе расне и зрее по полињата и нивите?
3. Зошто сонцето и дождот се потребни за растенијата?

# УБАВАТА РУЖА



Со учителката бевме во градскиот парк. Мирко, Јованка и Зоран си играа. Одеднаш здогледаа една голема црвена ружа.

- Погледајте колку убава ружа! Ќе ја скинам и ќе ја ставам во вазата за украс - рече Мирко.
- Колку е убава! Ќе ја скинам и ќе ја украсам косата - рече Јованка.
- Не, не! Ружата јас ќе ја скинам и ќе ѝ ја подарам на учителката - викна Зоран.

Учителката ги слушаше своите ученици. Таа стана од клупата, појде кон нив и им рече:

- Јованке, твојата коса е толку убава, што ружата само ќе ѝ пречи. Во вазата и во моите раце таа брзо ќе овене. За мене најубав подарок ќе биде ако ружата остане каде што си е: сите да ја гледаат и сите да ѝ се радуваат.
- Учителката има право - рекоа децата и продолжија да си играат.

Ѓорѓи Прчков





**Размисли и одговори**

1. Каде биле учениците со учителката?
2. Зошто децата сакале да ја скинат црвената ружа?
3. Што им рекла учителката на учениците?

## ОПИШУВАЊЕ растение











**Разгледај, размисли и одговори**

Одбери едно растение и опиши го со помош на дадените прашања:

1. Именувај го растението.
2. Каде расте?
3. Опиши го изгедот на растението.

# ОРО НА МИРОТ

Многу деца весели,
црни, жолти, бели,
фатени во оро
играат до зори.

Децата како да се
од еден роден кат.
Секому се тие
сестра или брат.

Евгенија Шуплинова



# ХИМНАТА НА ДЕЦАТА

Од сите раси:
црни, бели и жолти
крилја ќе направам.

Од сите нации:
неброени и различни
палата ќе изградам.

По срцата -
безбојни што се
трендафили ќе засадам.

Желбите на
децата од светот
ќе ги исполнам...

Есад Бајрам





## ТЕШКА ЗАДАЧА

Агим денеска имаше писмена задача по математика. Кога се врати дома, мајка му го праша:

- Агим, ги реши ли задачите?
- Решив две, мамо. Третата не можев. Беше многу, многу тешка. Неговото четиригодишно братче Беким го слушаше разговорот и праша:
- Бате, колку беше тешка задачата?
- Многу, многу! - му одговори Агим.
- Колку чантата со твоите книги? - пак прашуваше Беким.
- Не! - вели брат му.
- Колку еден слон тешка?
- Не! Не!
- Колку еден автобус?
- Не!
- Колку еден воз?
- Не, не! - му одговара Агим. И, за да му објасни како изгледа една тешка задача, го прашува своето четиригодишно братче:
- Колку се 17 и 19?

Беким малку се замислува, брои во себе, па вели:

- Ех, бате, јас не го знам тоа. Јас знам да бројам само до десет.

И Агим знае дека Беким може да брои само до десет. Токму затоа му постави ваква тешка задача.

А малиот Беким си зборува:

- Сега знам што е тоа тешко. Тоа е кога нешто не знаеш.
- Токму така, итро мое синче! - радосно вели мајка му и го прегрнува, а Агим од срам веќе е црвен до уши.

Цане Андреевски





**Размисли и одговори**

1. Колку задачи решил Агим?
2. Зошто Агим не можел да ја реши третата задача?
3. Како Агим се оправдал за нерешената задача?
4. Како Агим му ја објаснил на Беким тешката задаача?
5. Како малиот Беким ја сфатил тешката задача?



# КОЊОТ И ВОЛКОТ

Коњот мирно си пасеше на една ливада. Го здогледа волкот. Му се приближи и му рече:

- Сега морам да те јадам!

Коњот на тоа му рече:

- Јади ме, но татко ти не јадеше коњи сосе плочи. Првин им ги вадеше, па потоа ги јадеше.

Волкот притоа побрза и му одговори:

- Па и јас така постапувам!

Штом го слушна тоа, коњот ја крена задната нога. Волкот се доближи. Тогаш коњот замавна силно и со обете задни нозе го удри по муцка. Волкот падна мртов. А коњот продолжи да си пасе на ливадата.

Езоп



Размисли и одговори

Каде пасел коњот?
Што му рекол волкот на коњот?
Како одговорил коњот?
Што му се случило на волкот?

# СТАРИОТ И МЛАДИОТ

Еден стар и еден млад човек оделе по пат. На патот нашле ќесе со пари. Младиот го подигнал и рекол:

- Еве како господ среќа ми прати.

Стариот рекол:

- Богатството е заедничко.

А младиот му одговорил:

- Јас го најдов и го зедов.

Продолжиле да одат понатаму по патот. Одеднаш слушнале како некој зад нив вика: Кој го украл ќесето со пари?
Тогаш младиот се исплашил и рекол:

- Што да правиме сега, дедо, нашиве пари зло ќе ни донесат.

А стариот му одговорил:

- Ќесето ти го најде, тоа е твое, а не наше и злото е твое.

Така младиот го фатиле и го однеле во затвор.

Лав Толстој



**Задача**

Раскажи ја приказната според следниот план:

1. Ќесето со пари
2. Стариот и младиот човек
3. Парите носат зло

# КРАВА БЕЗ ЛИВАДА



Еден селанец имаше убава крава. Таа даваше многу млеко.

Селанецот, му ја продаде кравата на својот сосед. По некое време соседот отиде кај првиот сопственик на кравата и му рече:

- Слушај, пријателе, кравата што ми ја продаде не е добра! Не дава повеќе од два три литри млеко.

На тоа соседот му одговорил:

- Јас ти ја продадов својата крава, но не ти ја продадов и својата ливада на која пасеше кравата.

Народна приказна



# МАЧКА И ЛИСИЦА

Се договарале мачката и лисицата како да се спасат од кучињата . Мачката рекла:

- Јас не се плашам од кучињата зашто против нив знам една итрост.

Лисицата рекла:

- Јас знам седумдесет и осум итрости, а ти само една и мислиш да се спасиш од нив!

И во моментот додека сѐ уште разговарале наишле ловци со кучиња. Мачката имала само една итрост: скокнала на дрво и кучињата не можеле да ја фатат. Лисицата почнала да ги прави сите итрости но кучињата ја фатиле.

Лав Толстој





# ВО ТЕАТАР

**Лица: Едон, Ера и касиерката.**

**Едон и Ера:** Добар ден!
**Касиерката:** Добар ден, деца. Повелете!
**Едон:** Ние сакаме да ја гледаме претставата Пинокио.
**Ера:** Би сакале да знаеме кога и од колку часот се прикажува?
**Касиерката:** Секако. Претставата Пинокио се прикажува секој ден од 12 часот. За кој ден би сакале билети?
**Едон:** За утре ако може?
**Касиерката:** Секако, може. Два билета?
**Ера:** Не два, туку 30 билети, Ве молам. За нас и нашите другарчиња од одделението.
**Едон:** 31 билет Севим. Еден билет и за учителката.
**Касиерката:** Добро дечиња, 31 билет. Малку како да сте се скарале со математиката.
**Едон:** Не, не. Само Севим малку се збуни.
**Касиерката:** Повелете дечиња, точно 31 билет.
**Едон и Ера:** Благодариме!
**Ера:** Повелете 3100 денари.
**Касиерката:** До гледање, дечиња!
**Едон и Ера:** До гледање!...

Александра Тасковска

# Brzozborki

**МАЧЕ**

Едно маче,
Само плаче.
Ти му викаш:
- Пиш!
Оно вика:
- Ти мижиш!

**ЕН, ДЕН, ДОРЕ**

Ен, ден, доре,
Длабоко е море;
Во морето -
Киселица!
Киселица - киси,
Најпрвиот ти си!

**ЕНЦИ - МЕНЦИ**

Енци, менци,
До каменци,
Таму има
Три сестри!
Ајнц, рај, рике,
Рике - дандарике!

**Поговорки**

- Кој последен се смее, најслатко се смее.
- Доброто со добро се враќа.
- На лагата куси и се нозете.
- Кога двајца се караат, третиот добива.

Поговорките се куси прозни творби измислени од народот за да искажат некое мислење за нешто или за некого.

# ГАТАНКИ

Сонце грее, славеј пее
седге ечи весел ѕвон,
развигорче топло вее,
горката се буди
од зимскиот сон.

(пролет)

Од сламки и кал
гнездо си прави,
секоја пролет
кај нас ќе се јави.

(ластовица)

Тој се прави важен
со долгиот клун,
жабите ги лови
без мрежа и чун.

(штрк)

Штом ќе дојде пролет,
од цветче на цвет,
за децата збира
здрав и сладок мед.

(пчела)

Птиците преселници
се селат на југ,
орачот ги ора
нивите со плуг.

(есен)

Штом настапи тоа време,
седге паѓа ситен снег,
децата се лизгаат
со санки низ брег.

(зима)

Гатанките се куси творби, во кои вешто е прикриено вистинското значење за нешто или за некого.



# ЈУНИ

На крајот на учебната година учителката напиша на таблата: - Зошто го сакаме јуни?

А еве што напишаа децата во своите тетратки:

**Иван** - Јуни го сакам зашто во градината донесува црвени вишни, жолти кајсии и млади птици по гранките на дрвјата...

**Лиле** - Јуни го донесува летниот распуст.

**Златко** - Јуни ја стоплува водата во реката. На нејзините брегови остава златен песок и ја отвора првата плажа.

**Весна** - Јунските вечери се полни со светулки и ѕвезди.

**Димче** - Во јуни дедо ми ја коси ливадата.

Во јуни последното ѕвонче одѕвонува и им вели на децата:

**- Среќен распуст, драги мои! Среќно лето!**

Видое Подгорец

# ЛЕТЕН РАСПУСТ

Јунско ѕвонче ѕвони,
часот заден тече,
учителот насмеан
на сите им рече:

Побрзајте сега,
разиграни и бодри,
кон реките пенливи
и езерата модри!



Васил Куновски





# ЗА ЈАЗИКОТ

# БРОИМЕ ОД 1 ДО 100

1. Азра има **девет** години.
2. Филип нацрта **еден** петел, **две** кокошки и **седум** пилиња.
3. Мајка ми има **триесет и две** години, татко ми **триесет и шест**, баба ми **педесет и седум**, а дедо ми има **шеесет и една** година.

**Треба да знаеш**

- Зборовите што означуваат точно или приближно количество се викаат **броеви**

| | | |
|---|---|---|
| 0 - нула | | |
| 1 - еден | 11 - единаесет | 21 - дваесет и еден |
| 2 - два | 12 - дванаесет | 22 - дваесет и два |
| 3 - три | 13 - тринаесет | 30 - триесет |
| 4 - четири | 14 - четринаесет | 40 - четириесет |
| 5 - пет | 15 - петнаест | 50 - педесет |
| 6 - шест | 16 - шеснаесет | 60 - шеесет |
| 7 - седум | 17 - седумнаесет | 70 - седумдесет |
| 8 - осум | 18 - осумнаесет | 80 - осумдесет |
| 9 - девет | 19 - деветнаесет | 90 - деведесет |
| 10 - десет | 20 - дваесет | 100 - сто |

Задача:
Напиши ги броевите од 30 до 100

30 и →
1 триесет и еден
2 триесет и два
3 ________________
4 ________________
5 ________________
6 ________________
7 ________________
8 ________________
9 ________________

# РЕЧЕНИЦА

1. **Мимоза чита.**
2. **Што чита Мимоза?**
3. **Еј, Мимоза чита!**

**Треба да знаеш**

- Една целосно искажана или напишана мисла се нарекува **реченица.**
- Реченицата според искажаната мисла може да биде: **расказна, прашална** и **извична.**

РЕЧЕНИЦА

| **РАСКАЗНА .** | **ПРАШАЛНА ?** | **ИЗВИЧНА !** |
| --- | --- | --- |
| Учам. | Учиш ли? | Учи! |

## Расказна реченица

1. Децата играат фудбал.
2. Лејла сади цвеќе.
3. Бени пее во хорот.

**Треба да знаеш**

- Речницата со која нешто раскажуваме, прераскажуваме, соопштуваме, опишуваме или одговараме на прашања се нарекува **расказна реченица**.
- На крајот од расказната реченица стои знакот точка **.**

## Прашална реченица

1. Кога ќе одиш во училиште?
2. Што црта Сара?
3. Каде е мојата книга?

**Треба да знаеш**

- Реченицата со која нешто прашуваме или нам нè прашуваат се нарекува **прашална реченица**.
- На крајот од прашалната реченица стои знакот прашалник **?**

,,

## Извична реченица

1. Донеси ми ја тетратката!
2. Излези надвор!
3. Сакам чоколадо!
4. Ура! Денес ќе одиме во парк!

**Треба да знаеш**

- Реченицата со која нешто извикуваме, се чудиме, искажуваме желба, среќа, радост, тага, болка, заповед, наредба ... се нарекува **извична реченица**.
- На крајот од извичната реченица стои знакот извичник **!**

# ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ

**Треба да знаеш**

- Знаците со кои се означуваат речениците се нарекуваат **интерпункциски знаци**.



**Точка** - Се пишува на крајот на расказната реченица.



**Прашалник** - Се пишува на крајот на прашалната реченица.



**Извичник** - Се пишува на крајот на извичната реченица.

**АКО САКАШ ПОВЕЌЕ ДА НАУЧИШ**



**Запирка** - Се пишува во речница кога правиме мала пауза при читање и кога ги разделуваме зборовите што ги набројуваме.



**Две точки** - Се пишуваат пред да почнеме да набројуваме и пред говорот на некој што зборува.

Примери:

1. Ана го читаше, а потоа го прераскажа текстот.
2. Каде си?
3. Погледни! Еве ја твојата тетратка!
4. Бени во ранецот носеше: книги, тетратки, пенкала, моливи и боички.
5. Наставничката рече: “Утре ќе одиме на излет.”

# ИМЕНКИ

## Сè на светот има свое име

- Секој предмет секое суштество што постои во природата и сето она што го чувствуваме или замислуваме има свое име.


цвеќе


молив


зајак


клупа


дожд


ноќ


тага


радост

**Треба да знаеш**

- Зборовите со кои ги именуваме предметите, суштествата, појавите и поимите се нарекуваат **именки**.

Поими (она што го чувствуваме или си го замислуваме).

ИМЕНКИ

| **СУШТЕСТВА** | **ПРЕДМЕТИ** | **ПОЈАВИ и ПОИМИ** |
|---|---|---|
| **дете** | **книга** | **дожд** |
| **зајак** | **молив** | **пролет** |
| **цвеќе** | **прозорец** | **радост** |
| **јаболка** | **стол** | **тага** |

# Видови именки

**Именките се делат на:**

**ИМЕНКИ**

| 1. ОПШТИ | 2. СОПСТВЕНИ |
|---|---|
| **куќа** | **Арта Османи** |
| **река** | **Шарко** |
| **град** | **Скопје** |

**Треба да знаеш**

- Оние именки што се заедничко име за повеќе предмети или суштества со заеднички особини се нарекуваат **општи именки.**
- Општите именки се делат на:
  Конкретни - материјални предмети
  Апстрактни - она што го чувствуваме или замислуваме
- Општите именки се пишуваат со мала буква.

- Именките кои означуваат сопствено име и презиме на луѓето, име на животно, имињата на градовите, селата, реките, планините... се нарекуваат **сопствени именки**.
- Сопствните именки се пишуваат со почетна голема буква.

| ОПШТИ | | | | СОПСТВЕНИ |
|---|---|---|---|---|
| Конкретни | | Апстрактни | | |
| маса | клупа | Љубов | омраза | Ана,Мелита Исени, Цеки |
| град | река | ден | ноќ | Скопје, Вардар, Водно |
| цвеќе | дрво | воздух | облак | Арон, Бруно, Сара |
| вода | чаша | дожд | сонце | Шар Планина |
| топка | кукла | тага | болка | Охридско Езеро |
| куче | маче | среќа | радост | Македонија, Албанија |
| пиле | ластовичка | мисла | желба | |

# ГОЛЕМА БУКВА

**Треба да знаеш!**

## Голема буква пишуваме:

- **Секогаш во почетокот на реченицата**.
  1. **Д**ецата играат фудбал.
  2. **Н**а масата имаше ваза со цвеќе.

- **Кога пишуваме сопствено име, презиме и прекар:**
  1. **М**арија **П**етревска-**М**аре ја доби првата награда.

- **Кога пишуваме посебни сопствени имиња на животни:**
  1. Кучето **Ш**арко весело трчаше.
  2. На нивата пасеше коњот **Д**орчо.

- **Кога пишуваме имиња на географски поими:**
  1. Град: **С**копје, **Т**етово, **П**рилеп, **О**хрид
  2. Село: **Ш**ишево, **Н**ерези, **З**елениково
  3. Држава: **М**акедонија, **Б**угарија, **А**лбанија, **С**рбија
  4. Река: **В**ардар, **Т**реска, **Р**адика
  5. Планина: **В**одно, **П**елистер, **К**ораб
  6. Езеро: **О**хридско Езеро, **Д**ојранско Езеро
  7. Море: **Е**гејско **М**оре, **Ј**адранско **М**оре

- **Кога пишуваме имиња на празници:**
  1. **Н**ова **Г**одина, **Б**ајрам, **Б**ожик

# ГЛАГОЛИ

  

1. Детето **чита.** - Што прави детето?
2. Девојчето **седи.** - Што прави девојчето?
3. Денес **врне** дожд. - Какво е времето денес?

**Треба да знаеш**

- Зборовите кои означуваат работа, состојба и дејство се нарекуваат ГЛАГОЛИ.

ГЛАГОЛИ

| **РАБОТА** | **СОСТОЈБА** | **ДЕЈСТВО** |
|---|---|---|
| **трчам** | **стојам** | **растам** |
| **пишувам** | **спијам** | **грми** |

**Работа**

- Зборови со кои означуваме работа и движење: **пишува, црта, чита, оди, пее, гради, зборува, трча, скока, носи, вози, лета...**

**Состојба**

- Зборови со кои означуваме состојба (положба на телото во мирување): **лежи, седи, стои, се одмора, живее, молчи, мисли, спие...**

**Дејство**

- Зборови со кои означуваме дејство или случување во природата и кај човекот: **цвета, разлистува, венее, грми, врне, вее, мириса, се раздденува, се стемнува, се плаши, расте, старее, слабее, се здебелува, тажен, среќен, жали, болен...**

**Задачи**

1. Поврзи ја именката со глаголот што и одговара:

| | |
|---|---|
| Кучето | пишува |
| Ветерот | готви |
| Ѕвончето | лае |
| Ученикот | дува |
| Мајката | ѕвони |

2. Напиши ги глаголите под сликите:

    

__________ __________ __________ __________ __________

3. Дополни ги речениците!

Сара ____________________ во хор.

Мама ____________________ ручек.

Дедо _____________________ весник.

# ПОТВРДНИ И ОДРЕЧНИ РЕЧЕНИЦИ

Разгледај ги речениците!

1. Некој **има** тетратка.
2. Ти **имаш** топка.
3. Јас **бев** во училиште.
4. **Сакам**!
5. **Ќе слушам** музика.

1. Некој **нема** тетратка.
2. Ти **немаш** топка.
3. Јас **не бев** во училиште.
4. **Не** сакам!
5. **Нема** да слушам музика.

Каква разлика согледуваш меѓу овие два вида на реченици?
На левата страна нешто се тврди.
На десната страна тоа што е потврдено се одрекува.

Треба да знаеш

- Реченицата со која тврдиме дека нешто е точно, нешто се потврдува се нарекува **ПОТВРДНА** реченица.
- Реченицата со која нешто одрекуваме се нарекува **ОДРЕЧНА.** реченица.

**РЕЧЕНИЦА**

| **ПОТВРДНА** | **ОДРЕЧНА** |
|---|---|
| ДА | НЕ |

**ЗАДАЧА**

1. Потврдните реченици напиши ги во одречна форма, а одречните во потврдна форма:

1. Денес ќе одам во училиште.
2. Имаме ликовно.
3. Јас ја зедов гитарата.
4. Спремаме приредба за родителите.
5. Ние не бевме во кино.
6. Во Охрид времето не беше убаво.
7. Не сакам да разговарам сега за таа случка.
8. Јас немам маче, имам само куче.

# ГЛАВНИ ДЕЛОВИ НА РЕЧЕНИЦАТА



Бени игра фудбал.

Кој игра фудбал?
Што прави Бени?
Што игра Бени?



Сара чита книга.

Кој чита книга?
Што прави Сара?
Што чита Сара?

Бени, Сара - сопствена именка
Игра, чита - глагол, дејство
Фудбал, книга - име на физичка активност и име на предмет.

Овие зборови се основни делови во реченицата.

- Реченицата се состои од три главни делови: подмет, прирок и предмет.
- Останатите зборови во реченицата стојат за да ги објаснат или опишат главните делови.

**РЕЧЕНИЦА**

| **ПОДМЕТ** 2 | **ПРИРОК** 1 | **ПРЕДМЕТ** 3 |
|---|---|---|
| Бени | игра | фудбал |
| Дритон | свири | на гитара |

## ПОДМЕТ

**Кој го врши дејството?**

1. **Баба** меси пита. - Кој меси пита?
2. **Јета** бере јаготки. - Кој бере јаготки?
3. **Гонце** свири на виолина. - Кој свири виолина?

**Треба да знаеш**

- Подметот го именува или ни покажува кој ја врши работата (дејството) во реченицата.
- Подметот во реченицата го бараме со прашањето **КОЈ**?

## ПРИРОК

**Што прави подметот?**

а. Севим прави торта. - Што прави Севим?
б. Ѓурѓа јаде геврек. - Што прави Ѓурѓа?
ц. Трим вози велосипед. - Што прави Трим?

**Треба да знаеш**

- Прирокот ја покажува работата (дејството) што ја врши подметот.
- Прирокот е главен дел на реченицата.Не постои реченица без прирок.
- Колку прирока има во реченицата во толку делови може да ја поделиме.
- Прирокот се бара со прашањето **ШТО**?

## ПРЕДМЕТ

**1. Мама меси колачи. - Што прави мама?**
**2. Агрон пишува домашна. - Што прави Агрон?**
**3. Марко пие сок. - Што прави Марко?**

**Треба да знаеш**

- Предметот е додаток на прирокот. Прирокот го префрла дејството на предметот така што ја менува целта на дејството.
- Предметот го наоѓаме со прашањето ШТО? КОГО? за директен предмет и КОМУ? за индиректен предмет.

Речник на помалку познати зборови

## А
Алова - црвена

## Б
Бие - чука
Бодри - охрабрува

## В
Весело - радосно
Восхитува - воодушевува, радува
Волшебни - необични, несекојдневни
Виреело / не виреело - расне, успева / не расне, не успева
Виорат - летаат на сите страни
Вчудовидено - изненадено

## Г
Грмушки - повеќе растенија израснати заедно
Гонат - бркаат
Гордост - чувство, состојба на пријатно чувство

## Е
Ечи - се слуша на далеку глас или звук

## З
Загрижен - замислен, нерасположен
Зори - рано утро
Здодевно- досадно

## С
Стасаа - пристигнаа, дојдоа
Се сокри - се скри
Сонлив - поспан

## Т
Трошки - ронки, ситни парчиња од леб
Тажен - нерасположен, невесел, несреќен
Трудољубиво - вредно

## О
Осамен - сам
Омилена - сакана

## П
Постојано - редовно, секогаш
Песот - пес, куче
Пламнаа - светнаа
Прошепоти - тивко прозборе

## Р
Ројат - се појавуваат во поголемо количество (птици, пчели, мисли, идеи)
Рози - ружи, трендафили

## И
Излет - еднодневна прошетка, екскурзија
Импровизирај - вежби низ глума, имитација
Иднина - она што допрва доаѓа
Избезумен - многу уплашен

## Ј
Јурат - брзо движење

## Л
Леткаат -  летаат, се движат во воздухот
Лакомо - желба да се добие повеќе
Лединка - мала рамнина со трева

## М
Мудрост - умност, итрост

## Ц
Црцор птичји - птичји глас

## Ч
чувте ли - слушнавте ли
чесни - праведни, искрени


СРЕЌЕН ЛЕТЕН
ОДМОР